Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-59/1
25-01-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-371 од 08.11.2021 година, поднесена од [redacted] од Штип, против ЈЗУ Клиничка Болница Штип, за извршена дискриминација врз основа на образование, личен и општествен статус, возраст, семејна и брачна состојба, имотен статус во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 24.01.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование, личен и општествен статус, возраст, семејна и брачна состојба, имотен статус во областа на работа и работни односи од страна на ЈЗУ Клиничка Болница Штип врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-371 од 08.11.2021 година, од подносителката [redacted] за сторена дискриминација по основ на образование, личен и општествен статус, возраст, семејна и брачна состојба, имотен статус во областа на работа и работни односи од ЈЗУ Клиничка Болница Штип.

Подносителката на претставката е доктор на медицина, на одделот за Онкологија, биохемиска лабораторија и патолошка анатомија, која до 11.03.2021 година била во редовен работен однос во ЈЗУ Клиничка Болница Штип. Согласно наводите од претставката, подносителката тврди дека е дискриминирана од нејзиниот тогашен работодавач ЈЗУ Клиничка Болница Штип, со тоа што против неа неосновано, во нерегуларна постапка за утврдување на дисциплинска одговорност е изречен дисциплински престап, кој резултирал со отказно решение. Подносителката тврди дека дисциплинската постапка е поведена на нерегуларен начин, од причина што е водена без нејзино присуство, додека таа е на боледување и имала пријавено специјалистички испит. Во однос на Решението за престанок на договорот за вработување, подносителката бара

да се испита законитоста на таквото решение, поради тоа што во истото не е децидно наведено кој е основот за негово донесување или дека истото е донесено врз основа на погрешна примена на материјалното право.
Дополнително во претставката се бара утврдување на причините за неповедување на дисциплинска постапка од работодавачот против вработениот [redacted], по поднесена пријава од подносителката од 11.01.2016 година. Пријавата за поведување на дисциплинска постапка се однесува на недолично однесување и вознемирување при работниот однос од страна на лаборантот [redacted], кон подносителката.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 07.12.2021 година испрати Известување бр. 0801-371/5 за произнесување по наводите од претставката до ЈЗУ Клиничка Болница Штип.

На 28.12.2021 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од ЈЗУ Клиничка Болница Штип како одговор на претставката. Во одговорот се негира секаков дискриминаторски однос кон подносителката, наведени се повеќе факти и докази кои се однесуваат на законитоста на дисциплинската постапка и решението донесено по постапката, кои го оправдуваат престанокот на работниот однос на подносителката на преставката.

Работодавачот утврдил неоправдано отсуство од работа на вработената Биљана Додевска во периодот од 14.12.2020 година до 31.12.2020 година и од 02.01.2021 година до 04.01.2021 година, поради што на 05.01.2021 година поднел барање за поведување на дисциплинска постапка против вработената и за истото уредно ја известил.

За водењето на дисциплинската постапка, причините за поведување на истата, како и за закажаниот состанок на Дисциплинската комисија, подносителката на претставката била известена најпрвин телефонски на ден 08.01.2021 година. На состанокот закажан на 14.01.2021 година подносителката не присуствувала, по што телефонски била повикана да присуствува на седницата закажана за наредниот ден, на која повторно не присуствувала. На 15.01.2021 година работодавниот орган писмено ја известил подносителката дека против неа е покрената дисциплинска постапка и воедно била поканета да присуствува на закажаната усна расправа пред Дисциплинската комисија на ден 22.01.2021 година. Од причина што подносителката пријавила боледување на 18.01.2021 година, седницата не била одржана, а по затворање на боледувањето, на 04.02.2021 година преку СМС порака била известена за наредната седница на 08.02.2021 година.

Од сето горенаведено се констатира дека подносителката била уредно поканета на седниците на Дисциплинската комисија, кои не се одржувале за време додека таа била на боледување, како и тоа дека и била дадена можност да се произнесе во текот на постапката за дисциплинска одговорност. Согласно позитивната регулатива, за припрема на специјалистички испит не е предвидено отсуство од работа.

Дисциплинската комисија утврдила дека подносителката неоправдано отсуствувала од работното место во периодот од 14.12.2020 година до 31.12.2020 година; од 02.01.2021 година до 17.01.2021 година и од 01.02.2021 година до 25.02.2021 година.
Согласно член 206 став 1 од Законот за здравствената заштита, Дисциплинската комисија по утврдената фактичка состојба дала предлог до ЈЗУ Клиничка Болница Штип како работодавен орган, да донесе Одлука за престанок на работниот однос поради сторен дисциплински престап од страна на вработената.

Работодавниот орган постапувајќи по предлогот, на 11.03.2021 година донел Решение за престанок на договорот за вработување на здравствениот работник [redacted] заради неоправдано отсуство од работа најмалку три последователни работни дена или пет работни дена во текот на годината, согласно член 205 став 1 алинеја 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“, број 43/2012, 145/2012; 65/2013; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 101/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 93/2017; 20/2019; 101/2019; 153/2019; 180/2019; 275/2019; 275/2019).

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ја потврдува правилната примена на правото и точно утврдената фактичка состојба на работодавниот орган и со Решение ја одбила жалбата на [redacted] како неоснована, со што го потврдила Решението за престанок на договорот за вработување донесено од страна на ЈЗУ Клиничка Болница Штип.

Во однос на барањето изнесено во претставката за утврдување на причините за неповедување на дисциплинска постапка од работодавачот против вработениот [redacted], согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да ги испитува причините за непостапување на органот. Дотолку повеќе што се работи за фактичка состојба од 2016 година, а законски предвидениот рок за поднесување на претставка е предвиден во член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.“*

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на ЈЗУ Клиничка Болница Штип врз основа на образование, личен и општествен статус, возраст, семејна и брачна состојба, имотен статус во областа на работа и работни односи врз [redacted].

Скопје
24.01.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

-[redacted]2000 Штип
-ЈЗУ Клиничка Болница Штип со адреса на ул. „Љубен Иванов“ бр. 25, 2000 Штип